Здружение за Одржлив Развој и Соработка

АЛКА

www.alka.org.mk тел/факс: + 389 2 30 91 085
e-mail: alka@alka.org.mk + 389 2 30 91 086

**ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ И СОРАБОТКА “АЛКА”**
**Бр. 08-___/__**
**__.__. 200_ год.**
**Скопје**

мз елс

**Договорените страни:**

**Здружението за Одржлив Развој и Соработка “Алка”** (во натамошниот текст: ЗОРС “Алка”), претставувана од Даниела Андреска, Извршен Директор**;**

**Месна Заедница** на с. ___________**,** (во понатамошниот текст партнер) претставувана од _____________, Претседател на Совет на МЗ и

**ЕЛС - Општина** ____________ (во понатамошниот текст партнер) претставувана од _______________, Градоначалник.

на ден __.__.200_ година, склучија

# ДОГОВОР ЗА СОРАБОТКА НА ПРОЕКТ

Месната Заедница од с.__________ и ЕЛС - Општина ___________, имаат развиено иницијатива како што е опишано во документот за проект, и имаат поднесено барање за финансирање до ЗОРС “Алка”.

ЗОРС “Алка” го има одобрено проектот (Одлука бр. 00-000/0 од __.__.200_ г.) и се согласува да го финансира во максимален износ од **0.000.000,00 МКД**.

## 1. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

1.1. Со овој договор се утврдуваат меѓусебните права и обрски на страните потписници на договорот при спроведувањето на проектот опишан во документот за проект, со име “____________________________” во с. ___________, во ЗОРС “Алка” регистриран како ИРРЗ–Б __/0__ со деловоднички број 08-000/1 од __.__.200__ г.
Документот за проект е интегрален дел на овој Договор.

1.2. ЗОРС “Алка” го категоризира проектот како финансиска поддршка на проектот (донација). Трошоците паѓаат на сметка на “Програмата за Интегриран Развој на Рурални Заедници”.

1.3. Договорените страни ќе го спроведат проектот во согласност со документот за проект. Измените и дополнувањата се предмет на претходно писмено одобрување од ЗОРС “Алка”.

1.4. Во рамките на спроведувањето на проектот предмет на овој Договор, ЗОРС “Алка” може да даде понатамошни препораки или писмени инструкции. Партнерите се обврзани да ги следат овие инструкции.

## 2. РОК НА СПРОВЕДУВАЊЕ

2.1. Договорен рок за спроведување на проектот е два месеци, кој започнува од денот на потпишување на овој Договор.

2.2. Активностите за спроведување на проектот ќе се спроведуваат согласно временската рамка, која е составен дел на документот за проект.

2.3. Измените на рокот за спроведување се предмет на претходно писмено одобрување од ЗОРС “Алка”.

## 3. СРЕДСТВА

3.1. Средствата потребни за спроведување на проектот изнесуваат **0.000.000 МКД** (---------------------------------------------).

3.2. ЗОРС “Алка” ќе обезбеди **000.000 МКД** (---------------------------------------------) за спроведување на проектот за договорениот период согласно член 2.1. од овој Договор.

ЗОРС “Алка” ги обезбедува средствата за:

1. Машинско вградување на асфалт БНХС – 16А, д=7см во должина од 480 м и со широчина од 3,5м.

3.3. Партнерите ќе обезбедат **0.000.000 МКД** (-------------------------------), од кои:

**- МЗ** ќе обезбеди **000.000 МКД** (-------------------------------) во противредност, со работна рака за:

1. Рачен ископ на земја за изработка на канали за одводнување на патот, на целата должина на трасата.
2. Распостилање на тампон дробеник за банкините по целата должина на трасата.

**- ЕЛС** ќе обезбеди **000.000 МКД** (-------------------------------------------------) за:

1. Планирање и валирање на постоечка подлога на целата должина на трасата,
2. Набавка, транспорт и вградување на тампон дробеник 0-30 мм, со средна дебелина од 5 см, на целата должина на трасата, и
3. Машинско вградување на асфалт БНХС – 16А, д=7см во должина од 375 м и со широчина од 3,5м.

3.4. ЗОРС “Алка” ќе изврши испорака на стоки или услуги или изведба на градежни работи во согласност со договорениот износ и обем.

3.5. Средствата обезбедени од ЗОРС “Алка” ќе бидат исплатени на добавувач/изведувач избран од ЗОРС “Алка”.

3.6. Обврските на ЗОРС “Алка” за достава на стоки или услуги или изведба на градежни работи престануваат со потпишување на испратница или со технички прием.

3.7. Средствата обезбедени од Партнерите ќе бидат реализирани во согласност со проектот или ќе бидат исплатени на добавувач/изведувач избран од Партнерите.

3.8. Сите барања за измени и дополнувања на буџетот, кои бараат потврда од ЗОРС “Алка”, мора да бидат приложени во писмена форма.

## 4. ОБВРСКИ

4.1. Договорените страни сносат одговорност за ефикасно и навремено извршување на активностите од проектот, секоја за сопствениот дел, како што се опишани во член 3 од овој Договор и во документот за Проект.

4.2. Договорените страни ќе преземат мерки за да се осигураат дека услугите, опремата и материјалите набавени и употребени за потребите на проектот ги задоволуваат техничките стандарди за квалитет и се технолошки соодветни за намената и функцијата на објектот како и за неговото понатамошно одржување.

4.3. Партнерите не смеат да го употребуваат проектот (цели, активности, резултати и сл.) за пропаганда или кој било друг облик на влијание на резултати на кои било јавни избори.

## 5. НАДГЛЕДУВАЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ

5.1. ЗОРС “Алка” континуирано ќе го следи процесот на извршување на работите и евентуалните забелешки, предлози и мислења, навремено ќе ги соопшти на одговорните лица на страните потписнички на овој договор. На персоналот на ЗОРС “Алка” во секое време ќе му биде овозможен непречен пристап до градежните локации.

5.2. Партнерите треба писмено да ја известат ЗОРС “Алка” за:

- доцнење или проблеми кои би можеле да влијаат или да го попречат спроведувањето на проектот или да го продолжат спроведувањето;
- измени и дополнувања на проектот-предмет на овој Договор, кои значат значителна измена на природата на проектот;
- измена и дополнување на статусот и управувачката структура;
- која било дополнителна информација за текот на спроведувањето која е побарана од ЗОРС “Алка”;

5.3. Партнерите треба да поднесат писмен завршен извештај (описен и финансиски), во рок од 15 дена од денот за завршување на активностите на проектот, предмет на овој Договор.

Извештајот треба да биде напишан на јазикот на договорот.

5.4. Извештаите треба да бидат во согласност со инструкциите дадени од ЗОРС “Алка”.

## 6. СОПСТВЕНИЧКИ ПРАВА И ОСИГУРУВАЊЕ

6.1. Сите материјали, опрема и градежни објекти кои се набавени за потребите на проектот, за време на спроведување на активностите, се сопственост на ЗОРС “Алка”.

6.2. Истите остануваат во сопственост на Месната Заедница по заклучување на проектот и со потпишување на записник за примопредавање на објектот.

6.3. Понатамошното тековно одржувањето на проектот (објектот), по негово примопредавање е обврска на Партнерите.

6.4. ЗОРС “Алка” не е должна да ги отстрани оние недостатоци кои настанале како последица на нестручно ракување и употреба, односно ненаменско користење на опремата, објектот или неговите делови во текот на спроведувањето на проектот или по неговото завршување.

## 7. ИНТЕЛЕКТУАЛНИ (АВТОРСКИ) ПРАВА И ПУБЛИЦИТЕТ

7.1. ЗОРС "Алка" има право на употреба за сопствени потреби или за комуникација до трети страни за информација или оперативни цели на: извештаи, студии, публикации, бази на податоци, филмови, семинари и конференции и кои било заклучоци или информации содржани во нив.

7.2. ЗОРС "Алка" има право да ги објави и издаде наодите во која било форма, вклучувајки преводи, под услов да ги заштити осетливите информации за Партнерите.

7.3. Сите извештаи и наоди мора да бидат на увид на ЗОРС "Алка" две години од заклучувањето на проектот.

7.4. Партнерите сносат одговорност за содржината на извештаите и мислењата изнесени во нив, што не ги одразуваат мислењата и ставовите на ЗОРС "Алка".

7.5. Партнерите се должни во своите јавни настапи да го одразат учеството на ЗОРС "Алка".

## 8. ЗАКЛУЧУВАЊЕ НА ПРОЕКТОТ

8.1. Проектот се смета за заклучен кога се исполнети следниве услови:

а) Трите договорени страни ги завршиле сите планирани активности на проектот;

б) Партнерите го испратиле завршниот финансиски и описен извештај до ЗОРС "Алка";

в) ЗОРС "Алка" го одобрила завршниот финансиски и описен извештај и за ова ги известила Партнерите. Завршниот извештај се смета за одобрен и ако во рок од 15 дена од денот на доставувањето на извештајот, ЗОРС "Алка" писмено не побара дополнителни информации или појаснувања.

г) Трите договорени страни го потпишале записникот за завршување на планираните проектни активности и примопредавање на објектот на МЗ.

## 9. ОТКАЖУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

9.1. ЗОРС "Алка" има право да го суспендира или откаже договорот по претходно писмено предупредување, ако Партнерите не ги исполнуваат условите и одредбите од овој Договор, меѓу другото и ако:

- Партнерите не ги употребуваат сопствените средства/ресурси во согласност со овој Договор или проектот;
- Партнерите не ги исполнуваат обврските во согласност со временската рамка и договорената динамика за спроведување на активностите;
- Партнерите не ги достават бараните информации или извештаи во роковите предвидени со овој Договор и истите не обезбедуваат јасна презентација на преземените активности или употребата на средствата;
- како последица на внатрешни статусни измени или персонални решенија, континуитетот на проектот и/или целите и задачите на проектот не се обезбедени.

9.2. ЗОРС "Алка" или Партнерите имаат право да го откажат Договорот, ако спроведувањето на проектот не е возможно поради надворешни/објективни причини.

9.3. Договорот се откажува во рок кој ЗОРС "Алка" ќе го одреди, за што Партнерите ќе бидат писмено известени.

9.4. ЗОРС "Алка" не може да биде сметана за одговорна за какви било штети предизвикани од откажување на овој Договор.

## 10. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

10.1. Во случај на спор произлезен од овој Договор, договорните страни согласни се за надлежност на Основен суд I во Скопје.

10.2. Договорот влегува во сила со денот на потпишувањето, а истекува 2 години по заклучувањето на проектот или по откажувањето на овој Договор.

10.3. Овој договор е составен во шест примероци, од кои по два примерока за Партнерите и ЗОРС "Алка".

| ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ И СОРАБОТКА "АЛКА" | Месна Заедница на с. --------------- | ЕЛС Општина ---------------- |
|---|---|---|
| ____________________ | ____________________ | ____________________ |
| Извршен Директор | ------------------ Претседател на совет на МЗ | --------------- Градоначалник |